Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за избор на Претседател на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за избор на Претседател на Советот на Општина Ѓорче Петров , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Првата Конститутивна Седница на Советот, одржана на ден 10.04.2009 година.

**Број 08-1055/1**
**од 15.04.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 33 од Законот за локална самоуправа (*Сл. Весник на Р.М.* бр.5/2002), член 15 став 1 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/06) и член 37 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров број 12/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 1-вата Конститутивна Седница одржана на ден 10.04.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За избор на Претседател на Советот на**
**Општина Ѓорче Петров**

1. За Претседател на Советот на Општина Ѓорче Петров, се избира

   **Александар Стојкоски**

2. Ова Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-941/3**
**од 10.04.2009 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за избор на Претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општина Ѓорче Петров , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Првата Конститутивна Седница на Советот, одржана на ден 10.04.2009 година.

**Број 08-1055/2**
**од 15.04.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (*Сл. Весник на Р.М.* бр.5/2002), член 16 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/06) и член 12 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров број 12/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 1-вата Конститутивна Седница одржана на ден 10.04.2009 година, донесе:

**О Д Л У КА**
**За избор на Претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општина Ѓорче Петров**

3. За претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општина Ѓорче Петров, се избираат :

- За Претседател — Владо Мисајловски

- За членови
  1. Горан Симоновски
  2. Александар Стојкоски
  3. Новица Василевски
  4. Данилчо Василевски

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-941/4**
**од 10.04.2009 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**